**20222373457**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 78-в став (10) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22), министерот за транспорт и врски донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА НА ОБЈЕКТ ОД ПОТРОШУВАЧ-ПРОИЗВОДИТЕЛ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗЈАВАТА ЗА СТАВАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА ПОСТАВЕНА НА ОБЈЕКТ ОД ПОТРОШУВАЧ-ПРОИЗВОДИТЕЛ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на известувањето за поставување фотонапонска електроцентрала на објект од потрошувач-производител, како и формата и содржината на изјавата за ставање во употреба на фотонапонска електроцентрала поставена на објект од потрошувач-производител.

Член 2

Известувањето за поставување фотонапонска електроцентрала на објект од потрошувач-производител се доставува во А-4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на известувањето од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Изјавата за ставање во употреба на фотонапонска електроцентрала поставена на објект од потрошувач-производител се доставува во А-4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на изјавата од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-6045/1
3 ноември 2022 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Благој Бочварски,** с.р.

**Прилог 1**

**До ______________________________**

**(општина на чие подрачје се поставува фотонапонската електроцентрала)**

# И З В Е С Т У В А Њ Е

## ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА НА ОБЈЕКТ ОД ПОТРОШУВАЧ-ПРОИЗВОДИТЕЛ

Од

___________________________________________________________

**(име и презиме на физичко лице / назив на правно лице)**

___________________________________________________________

**(адреса на физичко лице / седиште на правно лице)**

Ве известувам дека ќе поставам фотонапонска електроцентрала со максимална инсталирана моќност од __________ KW, на објект кој се наоѓа на ул.___________________________________________________________

**(адреса на објектот)**

Поставувањето на фотонапонската електроцентрала ќе се врши од страна на правното лице-изведувач ______________________________ со Лиценца А/Б за изведувач бр. ____________________

Во прилог Ви доставувам :

1. Извод од Централен регистар на Република Северна Македонија (за правно лице)/ Копија од лична карта (за физичко лице);
2. Имотен лист за објектот на кој се поставува фотонапонската електроцентрала;

3. Договор склучен со сопственикот/сопствениците на објектот или писмена согласност за поставување на фотонапонска електроцентрала од сопственикот/сопствениците на објектот
**(се доставува доколку објектот на кој се поставува фотонапонската електроцентрала не е во сопственост на инвеститорот);**

4. Основен проект за поставување фотонапонска електроцентрала со технички бр. ______________________________ изработен од правното лице за проектирање ____________________________________________________ со Лиценца А/Б за проектирање бр.___________________ и

5. Писмена согласност за поставување на фотонапонската електроцентрала од мнозинството сопственици на посебните делови од објектот кои претставуваат повеќе од половината од вкупната површина на објектот
**(се доставува доколку фотонапонската електроцентрала се поставува од страна на заедница на сопственици на посебни делови на станбена зграда на објект во етажна сопственост).**

Примерок од потпишаната и нотарски заверената изјава за ставање во употреба на фотонапонска електроцентрала поставена на објект од потрошувач-производител, ќе доставам до Вас и до Агенцијата за енергетика, по поставувањето на фотонапонската електроцентрала.

| **Датум и место на поднесување** | **Подносител** |
|---|---|
| ______________________________ | ___________________________ |

**Прилог 2**

# И З Ј А В А
# ЗА СТАВАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА ПОСТАВЕНА НА ОБЈЕКТ ОД ПОТРОШУВАЧ-ПРОИЗВОДИТЕЛ

Од: правно лице-изведувач ______________________________________________

**(назив на правното лице-изведувач)**

со Лиценца А/Б за изведувач бр. ___________________ и

физичко лице-инженер за изведба ____________________________________

**(име и презиме на физичкото лице-инженер за изведба)**

со Овластување А/Б за инженер за изведба бр. ___________________

Со оваа изјава под полна кривична и материјална одговорност потврдуваме дека фотонапонската електроцентрала која е поставена од наша страна на објектот на ул.______________________________________________________________

**(адреса на објектот)**

-поставена е согласно основниот проект за поставување фотонапонска електроцентрала со технички бр. ______________________________ изработен од правното лице за проектирање ____________________________________________ со Лиценца А/Б за проектирање бр. _______________________;

- максималната инсталирана моќност на фотонапонската електроцентрала изнесува __________ и истата е во границите на моќноста која е пропишана согласно Законот за енергетика (*) и Правилникот за обновливи извори на енергија (*) за овие градби;

-приклучена е на електроенергетска инфраструктура и

-може да се стави во употреба.

| | |
|---|---|
| ______________________________ | ______________________________ |
| **име и презиме и потпис на одговорното лице на правното лице-изведувач и печат на правното лице** | **име и презиме и потпис на инженерот за изведба** |

*** Изјавата треба да се завери кај нотар, а се доставува до општината на чие подрачје е поставена фотонапонската електроцентрала и до Агенцијата за енергетика.**